**Извештај**
**за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година**

**Предлагач**: Градоначалник на општина Гевгелија

**Изготвувач**: Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт
.

јануари, 2024 година
Гевгелија

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СОЦИЈАЛНА, ЗДРАВСТВЕНА, ДЕТСКА И ДРУГИ ЗАШТИТИ, КУЛТУРА И СПОРТ**
**бр. 14-175/1**
**24.01.2025 год.**
**Гевгелија**

# И З В Е Ш Т А Ј
## за реализација на Програмата за активности на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Гевгелија има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општествениот живот. За таа цел, Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.01.2024 година, донесе Програма на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година, како и измени и дополнувања на истата на 14 ноември 2024 година. За реализација на активностите во Програмата беа предвидени средства од Буџетот на Општина Гевгелија во висина од 160.000 денари.

***<u>1. Преглед на реализирани активности:</u>***

| **Активност 1** | **вк. број учесници** | **М** | **Ж** | **издвоени средства (Буџетска програма – Х1 Родова еднаквост)** |
|---|---|---|---|---|
| **Подготовка на Стратегија за еднакви можности на жените и мажите** | 5 | 2 | 3 | 3.000 ден. |

Под менторство на UN Women, Општина Гевгелија го започна процесот за подготовка на Стратегија за еднакви можности за жените и мажите. Имено, на онлајн-состанок координаторот и заменик-координаторот заедно со менторките Гордана Мицова Несторовска и Бранка Минчева направија план за активности коишто треба да се преземаат за подготовка на Стратегијата.

Веднаш по состанокот, заменик-координаторот подготви барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до Агенција за вработување, Централен регистар, Министерство за земјоделство и до Министерство за внатрешни работи за прибирање секундарни податоци разделени по пол. Исто така, во Општина Гевгелија за периодот 2023-2024 година беа собрани податоци разделени по пол во повеќе области коишто ќе послужат за креирање мерки и активности. По добивањето на податоците коишто се однесуваат на Општина Гевгелија, истите беа внесени во еден документ со графички прикази на истите- демографија, вработеност, вистински сопственици на правни субјекти, земјоделци, сопственици на возила, семејно насилство, вработени во општинска администрација, вршители на функции и број на вработени во институции и претпријатија основани од Општина Гевгелија, барања

поднесени од граѓани на Општина Гевгелија за решавање проблеми од надлежност на Општина Гевгелија, даночни обврзници во Општина Гевгелија, социјална и здравствена заштита, култура и спорт.

Процесот на подготовка на Стратегијата ќе продолжи и во 2025 година, согласно Планот за менторство на UN Women Скопје.

| **Активност 2** | **Индикатори** | **издвоени средства (Буџетска програма – Д0 Градоначалник)** |
|---|---|---|
| **Еднократна парична помош на жени и девојчиња жртви на насилство** | бр. на поднесени барања: **5 Ж** | **30.000 ден.** |

| **Индикатори** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **број на пријавени случаи на семејно насилство во Општина Гевгелија- 102** | **Ж** | **М** | **Малолетни** | **Судска постапка** |
| | 93 | 8 | 1 М | 19 |

Од 2024 година, Општина Гевгелија преку Програмата за активностите во областа на социјалната заштита воспостави мерка- еднократна парична помош на жени жртви на насилство.

Притоа, во текот на 2024 година, до Општина Гевгелија 5 жртви на семејно насилство, од кои сите жени, доставиле барање до Општина Гевгелија за исплата еднократна парична помош, а врз основа на приложен документ од Основен суд- Гевгелија за изречени привремени мерки за заштита на жртвата од сторителот и во координација со ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија.

Според евиденцијата на ЈУМЦСР- Гевгелија, во 2024 година се евидентирани 102 случаја со елементи на семејно насилство. Од вкупната бројка, ЈУМЦСР Гевгелија постапил по 94 пријави од ОВР ПС Гевгелија, 1 пријава од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија и 7 лични пријави. Од вкупниот број случаи, за 19 е водена судска постапка со изрекување привремени мерки. Најголемиот број на жртви се однесува на жени и тоа 93, 8 жртви се мажи и 1 малотетник (машко).

| **индикатори** | | | | **издвоени средства (Буџетска програма – Х1 Родова еднаквост)** |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 3** | **вк. бр. членови** | **М** | **Ж** | |
| **Одржување состаноци и учество на работилници на Мултисекторскиот тим за заштита од насилство врз жени и семејно насилство** | 4.652 | 1 | 3 | **30.000 д.** |
| | **бр. на вклучени институции** | 3 | | |

На 28 ноември 2024 година, членовите на Мултисекторскиот тим на Општина Гевгелија за заштита на жените и девојчињата од насилство учествуваа на Работилница на тема: „Зајакнување на врските во МТЗ- Промовирање кохезивна комуникација за заштита на жените и девојчињата од насилство“ што се одржа во Штип, во организација на ЕХО- Едукативна хуманитарна организација.
ЕХО и Мултисекторските тимови во Општините Гевгелија, Штип и Прилеп со заедничка активност, како резултат на меѓуопштинската соработка и вмрежување за споделување искуства, се приклучија на 16-дневниот активизам за борба против насилството врз жените.

<table>
<tr><td rowspan="2">Активност 4</td><td colspan="6">Индикатори</td><td>издвоени средства (Буџетска програма – X1 Родова еднаквост)</td></tr>
<tr><td>вк. број учесници</td><td>М</td><td>Ж</td><td>публика</td><td>М</td><td>Ж</td><td rowspan="5">36.655 ден.</td></tr>
<tr><td>- Јавна трибина за Месецот на женското здравје</td><td>7</td><td>3</td><td>4</td><td>80</td><td>2</td><td>78</td></tr>
<tr><td rowspan="2">- Краток видеофилм „Преживеав...“ за Месецот на женското здравје</td><td colspan="6">прегледи на социјални мрежи</td></tr>
<tr><td>ФБ- 4.656</td><td>Ж-<br>56,0%</td><td>М-<br>44%</td><td colspan="3">Youtube</td></tr>
<tr><td>- Јавна трибина за Месецот на машкото здравје</td><td>2</td><td>1</td><td>1</td><td colspan="3">433</td></tr>
</table>

Крајот на Кампањата: „Розов октомври“, Општина Гевгелија и Комисијата за еднакви можности за жени и мажи при Советот на Општина Гевгелија во соработка со ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија и ПЗУ „Д-р Никова“- Гевгелија го одбележаа со Јавна трибина за Месецот на женското здравје: „Биди свесна, проверувај редовно“. Целта на Трибината беше подигање на свеста кај жените за ракот на дојката и репродуктивните женски органи.

За: важноста на самопрегледот, улогата на медицината и третманот на рак на дојка и другите репродуктивни органи кај жените, статистички податоци за Општина Гевгелија со број на заболени жени од канцер и менталното здравје кај жените со малигни заболувања зборуваа: д-р специјалист радиолог, Нако Поп-Ристов; д-р специјалист хирург, Зоран Димитров; д-р специјалист гинеколог, Петранка Никова и м-р по психолошки науки, Розита Андонова.

Исто така, во рамки на Трибината, беше премиерно претставен краткиот видеофилм „...Преживеав“, во рамки на активностите на Општина Гевгелија и КЕМ за подигање на свеста кај жените за ракот на дојка. Во филмот учествуваше Светлана Стојковиќ, сценариото и режијата е на Петар Јанчев, а камерата и видеото на Васко

Трајков. По прикажувањето, краткиот видеофилм беше поставен на социјалните мрежи на Општина Гевгелија. Трибината се одржа на 30 октомври 2024 година, во Народниот театар- Гевгелија.

Како резултат на заедничката соработка помеѓу Општина Гевгелија, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Здружението за психосоцијална поддршка „САНКТУМ“, во Гевгелија, на 27 ноември 2024 година, во Малата сала на Народниот театар- Гевгелија, се одржа Работилница на тема „Менталното здравје кај мажите“. Со тоа Општина Гевгелија и КЕМЖМ го одбележаа Ноември- Месецот на машкото здравје со цел подигање на свеста за ракот на репродуктивните органи и дебелото црево.

| **Активност 5** | **учесници** | | | | **издвоени средства (Буџетска програма – X1 Родова еднаквост)** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Видеа- поткасти со успешни приказни на жени, претприемачки од општина Гевгелија** | 3 Ж | | | | **20.000 ден.** |
| | **преглед на социјалните мрежи** | | | | |
| | Фб | М | Ж | Youtube | |
| Мартина Стојчевска | 4.220 | 27% | 73% | 333 | |
| Љубинка Стамкова | 3.619 | 14% | 86% | 346 | |
| Татјана Николовска | 6.455 | 16% | 84% | 385 | |

Општина Гевгелија продуцираше три видеопоткасти именувани „Нејзиниот гевгелиски бизнис“ со успешни жени- претприемачки од Општина Гевгелија. Со цел промоција на женското претприемништво во Гевгелија, но и поттикнување на останатите граѓанки за основање сопствен бизнис заради малиот број на жени во однос на мажи сопственици на бизнис, поткастите се концепирани да ги инфомираат жените за можностите што ги нуди државата.

Затоа, Мартина Стојчева- сопственичка на цвеќарата “MisterMama”, Љубинка Стамкова- сопственичка на работилница за торти и колачи „Санкејкс“ и Татјана Николовска- сопственичка на Едукативниот центар „My School“ и книжарницата “The Book Shop”, сите гевгеличанки и учеснички во поткастите, ги споделија позитивните искуства, од што биле поттикнати за основање и на кој начин го основале бизнисот - било со грант (Преку Програмата „Самовработување“ на Министерството за социјална политика, демографија и млади што ја имплементира Агенцијата за вработување, со поддршка од УНДП) или сопствени средства и ги охрабрија жените дека и тие можат да бидат успешни во деловниот свет.

Поткастите се објавија на социјалните медиуми на Општина Гевгелија и предизвикаа голем интерес во јавноста. Сценариото е на Петар Јанчев, а видеото и монтажата на Васко Трајков.

| **Активност 6** | **учесници** | |
|---|---|---|
| **Објавување на документарниот филм за семејно насилство „Не биди моја приказна“ на социјалните мрежи за одбележување на 16-дневниот активизам за борба против насилство врз жени** | **преглед на социјалните мрежи** | |
| | Фб | Youtube |
| | 869 | 272 |

Општина Гевгелија и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија го одбележуваа 25 Ноември- Меѓународниот ден за борба против насилство врз жените и почетокот на 16-дневниот активизам за борба против семејно насилство врз жените и родово базирано насилство (2024 година) со претставување на документарниот филм „Не биди моја приказна - охрабри се“ на социјалните медиуми и Youtube платформата.

Документарецот се реализираше преку Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година, а во соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, Адвокатската комора и Драмската секција за деца при ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, исто така, за одбележување на 16-дневниот активизам за борба против насилството врз жените.

Целта на документарецот е да допре до сите возрасни категории- информира како да се препознае семејното насилство, каде треба да се пријави и зошто е важно да се пријави, но и да се намали оваа негативна појава преку вистински наратив и излагања на стручни лица кои се надлежни за постапување во случај на насилство. Режијата е на Катица Цишева Дупарова, а видеото и монтажата: Васко Трајков.

## 2. Табеларен приказ на извршување на Буџетот

| Активности | Буџет |
|---|---|
| Подготовка на Стратегија за еднакви можности на жените и мажите | 3.000 д. |
| Одржување состаноци и учество на работилници на Мултисекторскиот тим за заштита од насилство врз жени и семејно насилство | 30.000 д. |
| Јавни трибини за Месеците на женското и машкото здравје | 36.655 д. |
| Видеа- поткасти со успешни приказни на жени, претприемачки од општина Гевгелија | 20.000 д. |
| **вкупно:** | **89.655 д.** |

Од проектираниот буџет во висина од 160.000 денари (Програма Х1 Родова еднаквост од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година) за реализација на активностите од Програмата на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година се потрошиле вкупно 89.655 денари**.**

* Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2024 година е усвоен од Советот на Општина Гевгелија со Заклучок бр. 09-315/1 од 26.02.2025 г., објавен во „Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 04/25 г.